**Прашања поставени од страна на акционерите на годишната седница**
**на Собранието на Македонски Телеком одржана на 14.04.2011 година**
**и одговори дадени од страна на Друштвото**

- ***По точка 2 од Дневниот ред* - „Предлог Одлука за усвојување на Консолидираната Годишна сметка на Друштвото за 2010 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија“:**

  **Прашање:** Во однос на точка 6А од табелата во која е прикажан Билансот на успех, трошоците за плати на вработените се зголемени за околу 1.300.000,00 евра (еден милион и три стотини илјади евра) во 2010 година, додека бројот на вработени е намален за 20 вработени во однос на 2009 година. Кои се причините за таквата диспропорција - намален број на вработени, а зголемени трошоци за плати - кога платите на вработените во Друштвото во 2010 година не биле покачени (зголемени)?

  **Одговор:** Зголемените трошоци за плати на вработените во 2010 година во споредба со 2009 година се резултат на следното:

  - Во текот на 2010 година, од МКТ и ТММК заминале вкупно 33 вработени (15 вработени од МКТ и 18 вработени од ТММК). Сепак, поголемиот дел од нив се заминати на крајот од декември 2010 година (23 вработени). Поради тоа, трошоците за плати за овие вработени остануваат речиси непроменети во текот на 2010 година.

  - Покрај прилагодувањето базирано на извршувањето на работата, платата на вработените во 2009 и 2010 година линеарно е зголемена во договор со Синдикалната организација на МКТ, во врска со зголемувањето на трошоците за живот и инфлацијата - применето за сите вработени на МКТ, како резултат на што имаше вкупно зголемување на трошоците во споредба со 2009 година.

  - Имајќи ги предвид предизвикувачките продажни цели на двете Друштва, а со цел соодветно да се одговори на сè поконкурентното опкружување на пазарот, во текот на 2010 година беа воведени дополнителни модели на бонуси за мотивација и наградување во однос на реализираните продажби, како временски ограничени активности чијашто цел беше да се придонесе за дополнително поттикнување на продажбата на одредени производи, што беше применливо за сите вработени во двете Друштва (МКТ и ТММК). Врз основа на постигнатите добри продажни резултати во однос на производите за кои беа утврдени овие дополнителни модели на бонуси, во 2010 година на вработените им беа исплатени дополнителни еднократни бонуси за продажба.

Преведено од Лингва Експерт